РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
бр. 1409-286/3
14.02. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 4. седница одржана на 09.06.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Спорт и спортски менаџмент- Спортски менаџмент" втор циклус специјалистички студии на Факултет за спортски менаџмент, Прв Приватен Универзитет - ФОН - Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Спорт и спортски менаџмент- Спортски менаџмент" втор циклус специјалистички студии на Факултет за спортски менаџмент, Прв Приватен Универзитет - ФОН - Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Специјалист по спортски менаџмент,**
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки,
научно - истражувачко поле: Кинезиологија,
научно - истражувачка област: 50401, 50402, 50403, 50606, 50622 и друго.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за спортски менаџмент, втор циклус студиска програма „Спорт и спортски менаџмент-Спортски менаџмент“, на 07.04.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 2. седница одржана на 18.01.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ...ОН
СКОПЈЕ
Примено: 16 02 2018

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 03 | 171/1 | 1 | |

Архивски знак ______
Рок на чување ______
______ 201__ година
Потпис

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски